ISEC - ADE

# Пристапно и квалитетно дигитално образование за аутизам и интелектуална попреченост

## Обука за едукатори – обучувачи (ТоТ)

# Програма за обука

TeachHub

TeachSpace



Co-funded by the European Union

# Вовед во обуката

Добредојдовте на „Пристапно и квалитетно дигитално образование за аутизам и интелектуална попреченост – обука за едукатори обучувачи (ТоТ).

Курсот е дизајниран за да ја подобри подготвеноста на едукаторите за овозможување на пристапно дигитално образование за учениците со аутизам и интелектуална попреченост, преку обезбедување на учесниците со потребното знаење, вештини и алатки кои можат да ги подобрат искуствата за учење и да ги задоволат различните потреби на учениците.



# Општ опис на обуката

Овој курс е 4-дневна програма за професионален развој наменета за наставници, специјални едукатори, образовни асистенти и други професионалци кои се вклучени во поддршката на лицата со аутизам и интелектуална попреченост (ИП).

Содржината е структурирана во 6 интерактивни теми кои го комбинираат теоретско знаење и развојот на практичните вештини.

Учесниците ќе стекнат подлабоко разбирање за невродиверзитетот и уникатните потреби на учениците со аутизам и ИП, принципите на универзален дизајн за образование и ефективни наставни стратегии за надминување на бариерите во дигиталното образование.

Преку употребата на TeachSpace и TeachHub, учесниците ќе истражуваат дигитални алатки и ресурси кои можат да поддржат индивидуализирано и интерактивно  учење. До крајот на курсот, учесниците ќе имаат развиено тренинг план кој ќе допре до заедницата и ќе стекнат практично искуство во спроведувањето на ефективни тренинг сесии.

# Цели на обуката

Дознајте повеќе на
isec-ade.eu

## Наставни Компетенции

Подобрување на специфичната компетентност за аутизам и ИП на едукаторите и обезбедување на алатки за креирање на образовни содржини достапни за овие ученици во сите образовни средини.

## Дигитални Компетенции

Развивање на дигиталната компетентност за едукаторите конкретно за нивната професија за подобрување и иновација во образованието, во согласност со Европската рамка за дигитални компетенции на едукаторите (2017).

## Совладување на дигиталните Алатки

Претставување на веб-апликациите TeachSpace и TeachHub како инфраструктура за дигитално учење со отворен пристап и платформа за добивање на отворени едукативни ресурси (OER) достапни за ученици со аутизам и ИП.

# Структура на обуката

## Тема 1: Општо разбирање на аутизмот и интелектуалната попреченост во образовен контекст

1.1 Вовед во курсот
1.2 Запознавање на аутизмот и интелектуалната попреченост
1.3 Невродиверзитет и инклузивно образование
1.4 Надминување на бариерите со UDL дизајнот

## Тема 2: Пристапност и квалитет во наставата и учењето за аутизам и ИД

2.1 Преглед на препораките за пристапност во дигиталното образование
2.2 Стратегии за ефективна поддршка во наставата со помош на технологија
2.3 Специјализирани наставни компоненти

## Тема 3: Работење со TeachSpace и TeachHub

3.1 Преглед на TeachSpace и TeachHub алатките
3.2 Запознавање на учениците низ TeachSpace
3.3. Приспособување на дигиталната содржина за индивидуалните потреби во TeachSpace (демонстрации и практични активности).
3.4 Соработка и градење на заедница со TeachHub
3.5 Пристап до OER за аутизам и ИП

# Структура на Курсот

## Тема 4: Дизајнирање на пристапни дигитални средини за учење

4.1 Преглед на сесијата и презентација на студии на случај
4.2 Креирање на ученички профили (групна работа).
4.3 Создавање на пристапна содржина со користење на TeachSpace (индивидуална работа).
4.4 Презентација на групна и индивидуална работа

## Тема 5: Развивање на тренинг план прилагоден на заедницата

5.1 Насоки за развој на тренинг план
5.2 Развивање на индивидуални тренинг планови
5.3 Групни дискусии и фидбек за индивидуалните планови

## Тема 6: Практикум и фидбек од колегите

6.1 Стратегии за ефективно спроведување на тренинг- Практични вежби за предавање на сегменти од обуката
6.2 Фидбек и конструктивна критика од колегите
6.3 Насоки за подобрување /усовршување на техниките за обука
6.4 Завршна сесија (заклучоци)

# Резултати од учењето



# Тема 1

**Заедничко разбирање за аутизмот и интелектуалната попреченост во контекст на образованието**

Учесниците ќе можат:

- Да стекнат општо разбирање за аутизмот.
- Да ги препознаат и ценат силните страни и вештините кои вообичаено се наоѓаат кај учениците со аутизам и интелектуална попреченост.
- Разбирање на силните и слабите страни кај невродивергентните поединци и разликување помеѓу перспективите фокусирани на дефицити наспроти засновани на силните страни
- Да ги опишат принципите и придобивките од инклузивното образование за учениците со аутизам и интелектуална попреченост
- Да ги применат принципите на UDL за да дизајнираат наставни стратегии кои ги решаваат и надминуваат бариерите за учење

# Резултати од учењето



# Тема 2

**Пристапност и квалитет во наставата и учењето за аутизам и ИП**

Учесниците ќе можат::

- Да ја разберат пристапноста во три димензии на пристап до информации: физички, интелектуален и социјален.
- Да ги дефинираат и објаснат клучните препораки за пристапност во дигиталното образование за учениците со аутизам и интелектуална попреченост.
- Да ја оценат достапноста на дигиталните материјали за учење и да ги направат потребните модификации за да ја подобрат инклузивноста и употребата.
- Да разберат и разликуваат помеѓу различните стратегии за овозможување на ефективна поддршка во наставата со помош на компјутер за ученици со аутизам и ИП.
- Да ги знаат и разберат специјализираните компоненти на ефективни наставни дизајни за ученици со аутизам и ИП во наставата со помош на компјутер.

# Резултати од учењето



# Тема 3

**Вовед во TeachSpace & TeachHub**

Учесниците ќе можат:

- Да ја разберат функционалноста и карактеристиките на TeachSpace и TeachHub.
- Да ја објаснат целта и придобивките од интегрирањето на TeachSpace и TeachHub во образовните цели
- Да ги користат карактеристиките на TeachHub за соработка со цел за градење онлајн заедница меѓу едукаторите, родителите и учениците која ќе се поддржува меѓусебно.
- Да ги истражат и лоцираат отворени образовни ресурси (ООР) поврзани со аутизмот и интелектуалната попреченост.
- Да го проценат квалитетот и соодветноста на ООР за различни ученици.

# Резултати од учењето



# Тема 4

**Дизајнирање на пристапна дигитална средина за учење**

Учесниците ќе можат:

- Да развијат ученички профили за ефикасно адресирање на различните потреби и приоритети во образовните услови
- Да ги применат ученичките профили како основа за создавање на приспособени материјали за учење во рамките на платформата TeachSpace.
- Да ги приспособат средините за учење во TeachSpace за да ги задоволат различните потреби на учениците.
- Да го прикажат креирањето на достапните дигитални содржини користејќи TeachSpace, фокусирајќи се на индивидуални апликации и развој на вештини.

# Резултати од учењето



# Тема 5

**Развивање на тренинг план за импакт во заедницата**

Учесниците ќе можат:

- Да изберат соодветни алатки за ефективно подучување и ангажирање.
- Да ги проценат и интегрираат локалниот контекст и потребите и да ги модифицираат постојните наставни материјали.
- Да ги применат принципите кои се дискутирани во активностите за создавање на тренинг план што се усогласува со идентификуваните цели, задачи и уникатните карактеристики на локалната заедница.

# Резултати од учењето



# Тема 6

**Практикум и фидбек од колегите**

Учесниците ќе можат:

- Ефективно да ги презентираат информациите следејќи ги тренинг материјалите,
- Да водат практични активности кои ќе го зајакнат учењето,
- Да водат групни дискусии и ефективно да сослушаат,
- Да се вклучат во рефлексивни дискусии со фасилитаторите за да го продлабочат разбирањето и примената на ефективните наставни практики
- Да го имплементираат фидбекот од фасилитаторите со цел да ги подобрат вештините за примена на тренингот за едукативни цели во иднина.

# Агенда

Скенирајте или
кликнете на QR-кодот
за да го отворите
распоредот на курсот



Дознајте повеќе за ISEC-ADE на isec-ade.eu

Достапно дигитално образование за ученици со аутизам и интелектуална попреченост: Иновативни решенија и подобрување на компетенциите на едукаторите ISEC-ADE.
Erasmus+ Project 2021-1-CY01-KA220-SCH-000027701

Овој труд е лиценциран со Меѓународната лиценца Creative Commons Attribution NonCommercial-No Derivatives 4.0 International License. За да видите копија од оваа лиценца, посетете ја веб-страната http://creativecommons.org/licenses/by-nc-nd/4.0/

Co-funded by the European Union

Финансиран од Европската Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската унија ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.

CSOP Dr. Peter Beron

MSSA Macedonian Scientific Society for Autism

AUTISM INSTITUTE